| Изберено официјално лого на Еразмус + проектот *„Open your mind to new technologies"* | Сара Стефановска 8-3 одд. | 1 | Далибор Јовановски |
| Меѓународен ликовен конкурс *Играј со мене* | Павел Милановски 9-3 | пофалница | Далибор Јовановски |
| Изберен цртеж за официјално лого на Еразмус +„Open your mind to new technologies" | Сара Стефановска 8-3 | прво место | Далибор Јовановски |
| 14 Меѓународен ликовен натпревар -*Биди уметник „Играј со мене*“- Словенија | Павел Милановски 9-3 | пофалница | Далибор Јовановски |
| Меѓународен натпревар по англиски јазик Hippo | Максим Костадиновски | | Невенка Цветковска |
| Hippo 1 | Ана Аневска, Кристијан Магловски, Милан Каранфиловски и Михаил Цветковски | | Лидија Атанасовска |
| Hippo 2 | Бисера Чоробенска, Сара Аго, Илина Арсовска, Зое Николај, Андреа Тушевска, Ева Стојчевска и Петра Томовска | | Соња Коцевска |
| Hippo 3 | Мила Кипријановска, Мила Смилевска и Јована Јовановска | | Анита Димовска |
| | Матеј Младеновски | | Ивана Банчоковска |
| Избор на лого на Еразмус проект „Учиме од чудесната природа”- I’m IN! | Кристијан Илиевски 7-5 | | Далибор Јовановски |
| Hippo 2 | Бисера Чоробенска | финалист | Соња Коцевска |
| Hippo 3 | Мила Смилевска | полуфиналист | Анита Димовска |

Во текот на учебната 2020/21 г. нашите ученици освоија 253 поединечни и/или екипни награди/места од кои на општинско ниво – 74 први, 35 втори и 27 трети награди/места; на регионално ниво 46-први, 28- втори и 17- трети награди, на државно/републичко ниво – 9 први, 8 втори и 7 трети награди/места; на меѓународно ниво – 2 први награди/места.

***Проекти***

Поради пандемија беа продолжени активностите од двата „Erasmus +“ проекти кои започнаа во 2018 година – GOAL! (*Учење преку игри*) до февруари 2021 год. и ESCEI (*Европски научен конгрес за животна средина и екологија*) до јули 2021 год. Во рамките на истите реализирани се следниве активности:

*Учење преку игри* (GOAL!)
- редовни онлајн состаноци со тимовите од партнер училиштата вклучени во проектот
- учење преку игри во рамките на часовите по математика и англиски јазик во седмо, осмо и деветто одделение

*Европски научен конгрес за животна средина и екологија* (ESCEI)

- редовни онлајн состаноци со тимовите од партнер училиштата вклучени во проектот

- редовни онлајн состаноци со учениците вклучени во проектот

- ажурирање на страната на проектот на Twinspace на eTwinning

- учество во online активности организирани од страна на партнер училиштето од Италија на координатор и заменик координатор со ученици

- тридневен конгрес на Еразмус + ESCEI – презентација на ученици од нашето училиште и на координаторот Анита Димовска

- споделено видео од ESCEI na You Toube

- завршен проект ESCEI со последен ден на онлајн конгрес, постирано видео за крај Living ESCEI - 34 месеци соработка

Во оваа учебна година започнаа уште три нови „Erasmus +“ проекти и тоа: *Учиме од чудесната природа* (I'm IN), времетрање септември 2020 – август 2022 година, *Чувари на водите* (GLOW), времетраење септември 2020 – август 2022 година, и *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies), времетраење септември 2020 – август 2022 година.

Во рамките на проектот *Учиме од чудесната природа* (I'm IN!) реализирани се следните активности:
- редовни онлајн состаноци со учениците вклучени во проектот
- редовни онлајн состаноци со тимовите од партнер училиштата вклучени во проектот
- ажурирање на страната на проектот на Twinspace на eTwinning
- изготвен тест по англиски јазик
- изработка на Power point презентација за нашето училиште
- ликовен конкурс за избор на лого за проектот
- Избор на школско лого за I'm IN, изберени 3 лога кои одат во потесен круг во избор со француските лога
- Добиена пошта-книги од Габриел Франција за reading chaleng за проектот I m IN
- Идејното решение за заштитен знак-лого на проектот „Учиме од чудесната природа”- I'm IN! на Кристијан Илиевски од 7-5 е избрано за официјално лого на Еразмус проектот во кој соработуваме со партнер училиштето од Амиен, Франција.

Во рамките на проектот *Чувари на водите* (GLOW) реализирани се следните активности:
- редовни онлајн состаноци со учениците вклучени во проектот
- редовни онлајн состаноци со тимовите од партнер училиштата вклучени во проектот

- изготвен тест по англиски јазик
- ажурирање на страната на проектот на Twinspace на eTwinning
- изработка на видео презентација за нашето училиште
- ликовен конкурс за избор на лого за проектот
- Еразмус подготовки, снимање на видео записи за водите од GLOW
- "Секој ден е ден на водата!" видео изработено од ученици од тимот на ученици и наставници 5 одделение осмислен и координиран од страна на Анита Димовска. Снимањето и монтажата се дело на Марина Крстиќ и Галина Глигорова Пешиќ, а нашето видео *World Water Day* е споделено со партнер училиштата од Португалија, Шпанија, Италија и Турција преку eTwinning и за пошироката јавност преку YouTube.
- Петтоодделенци и тимот на наставници, преку online средба имаа можност да се запознаат со нивни врсници од Португалија, Шпанија, Италија и Турција Беше презентирано и нашето видео со цел поттикнување на свеста кај децата и сите граѓани за да се запре и спречи загадувањето на водата која живот значи.
- По повод Светскиот ден на животна средина петтоодделенците презентираа на англиски јазик на тема *Биодиверзитет на река Пчиња и Преспанско езеро - Флора и фауна*. Споделен беше и интерактивен квиз Kahoot од наша страна и од португалскиот тим, а имавме можност да проследиме презентации и видеа од партнер училиштата од Португалија, Шпанија, Италија и Турција.

Во рамките на проектот *Откриј го светот околу себе со новите технологии!* (Open your mind to new technologies) реализирани се следните активности:

- редовни онлајн состаноци со учениците вклучени во проектот
- редовни онлајн состаноци со тимовите од партнер училиштата вклучени во проектот
- изготвен тест по англиски јазик
- решавање на тест по математика и англиски јазик преку користење на алатка Google forms
- ликовен конкурс за избор на лого за проектот
- логото од нашето училиште изберено за официјално лого на проектот
- изработка на Power point презентации за нашето училиште, општината, државата и македонски научници
- осмислена и реализирана Kahoot игра на тема *Колку ги познавам партнер државите*
- креирање на страната на проектот на Twinspace на eTwinning и нејзино континуирано ажурирање
- работилница реализирана од партнер училиште од Бугарија на ЗУМ на тема: Користење на напредни апликации за поучување во математика - присутни сите членови на тимот
- онлајн работилница на сите партнер училишта од Open your mind for new tahnology- проследување на презентации за своите градови, држави и познати научници
- изработка на Power point презентации за работни места од минатото, сегашноста и иднината
- осмислена и реализирана Kahoot игра на тема *Работни места*
- изработка на Power point презентации на тема *Физика околу нас*
- втор онлајн состанок на кој учениците од сите шест партнер држави ги презентираа своите презентации на тема "*Физика околу нас*".

Во рамките на проектот *Заедничка грижа за правилно насочување на учениците* се планирани повеќе активности, но поради пандемија истите се одложени. Оние активности кои можеа да се реализираат онлајн се спроведени во второ полугодие.

- реализирана е посета на отворен виртуелен on-line ден на Собранието со помош на водич и виртуелна тура од страна на 9 одд. координиран од Елена Арсовска.

- учество на онлајн работилница со парламентарци на Елена Арсовска и 3 ученици на тема ученички парламент

***Поддршка на учениците***

Како и минатите учебни години, анализата на успехот на учениците се врши по полова и национална структура, според *Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата*. Анализата на успехот на учениците според половата структура дава јасни и корисни податоци за постигањата на учениците. Што се однесува до анализата по национална структура на учениците, истата не придонесува за некои конкретни согледувања и споредби, бидејќи нашето училиште има 97,21% Македонци, 2,15% Срби, 0,24% Роми и 0,39% други.

Оваа учебна година во одделенска настава (четврто и петто одделение) - 80,07% се одлични, 13,79% многу добри, 4,21% се добри и 1,92% се доволни. Во предметната настава, т.е. од шесто до деветто одделение 57,82% од учениците се одлични, 23,72% се многу добри, 15,46% добри и 2,98% се доволни.

Девојчињата постигнуваат подобри резултати во сите одделенија, што се гледа од приложената табела

**Среден успех на учениците од четврто до деветто одделение**

| **учебна год.** | **2018/19** | | | **2019/20** | | | **2020/21** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **одделение** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** | **сите** | **маш.** | **жен.** |
| **IV** | 4,63 | 4,57 | 4,70 | 4,70 | 4,59 | 4,82 | 4,74 | 4,65 | 4,83 |
| **V** | 4,61 | 4,57 | 4,65 | 4,72 | 4,69 | 4,75 | 4,62 | 4,49 | 4,74 |
| **VI** | 4,25 | 4,10 | 4,40 | 4,37 | 4,20 | 4,54 | 4,40 | 4,41 | 4,40 |
| **VII** | 4,24 | 4,20 | 4,27 | 4,27 | 4,12 | 4,42 | 4,38 | 4,20 | 4,57 |
| **VIII** | 3,96 | 3,76 | 4,16 | 4,08 | 3,98 | 4,18 | 4,09 | 3,83 | 4,34 |
| **IX** | 4,10 | 3,76 | 4,45 | 4,22 | 4,01 | 4,43 | 4,29 | 4,20 | 4,38 |
| **VI-IX** | 4,13 | 3,94 | 4,31 | 4,24 | 4,08 | 4,40 | 4,29 | 4,17 | 4,42 |

Констатираме дека средниот успех на учениците во изминатите три години е над 4,00, со исклучок на осмо одделение во 2019/20, каде е нешто помал од 4,00.

За учениците со слаби оценки од страна на стручната служба беа реализирани онлајн работилници на тема *Совети за поефикасно учење*.

На крајот од наставната година беше прогласен Ученик на генерација – Марко Димитриевски, 9-3 одд. во присуство на предметни наставници од деветто одделение, стручната служба и родителите на ученикот, почитувајќи ги мерките на претпазливост.

***Професионалната ориентација*** на учениците според изготвениот план се интензивираше во второто полугодие. Од страна на одделенските раководители се реализирани работилници од програмата ОЖВ, а дел од содржините се реализирани по предметот граѓанско образование. Беше работено на идентификување на способностите, потенцијалите, ставовите и вештините, препознавање и вреднување на сопствените карактериски, општествени и лични вредности, идентификување на јаките страни. Од страна на стручната служба беше применет Прашалник за професионални интереси и склоности, а средните училишта се претставуваа преку виртуелни средби и онлајн презентации.

***Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација***

Една од приоритетните цели е на учениците да им се обезбедат услови за безбедно растење и заштита од сите облици на насилство, злоставување и занемарување. Со цел дефинирање на улогите, прецизирање на процедурите и мерките на поддршка во процесот на заштита подготвени се повеќе документи/правилници/процедури, кои ја истакнуваат обврската на адекватна помош и соработка со семејството на детето и релевантните служби и институции. *Тимот за заштита од насилство* во соработка со вработените, учениците и релевантните установи планираше, организираше и управуваше со превентивните активности. Овие активности придонесоа учениците да се чувствуваат заштитено и сигурно, успешно и ефикасно да учат, да научат како да управуваат со сопственото однесување, да ги разбираат и прифаќаат разликите, да соработуваат и работат тимски. Активностите се одвиваа преку реализирање работилници од образование за животни вештини, наставни содржини од поедини предмети (ККЕЦ, историја, македонски јазик, етика, граѓанско образование), разговори и дискусии на ученички парламент, разговори и советодавна работа на стручни соработници. Од стручната служба се реализирани и онлајн работилници на тема *Насилство* за учениците од шесто одделение и *Ненасилна комуникација* за осмо одделение. Во текот на јуни стручните соработници и еден наставник ја посетија обуката *Препознавање, превенирање и справување со насилното однесување и екстремизам меѓу учениците во основните и средните училишта на територија на општина Куманово*, поддржани од *Мрежата на силни градови од Западен балкан* и општина Куманово

***Оценување/вреднување*** на постигањата на учениците се спроведе според Законот за основно образование и во согласност со *Критериумите* и *Стандардите за оценување.* Беше усогласено со целите, односно резултатите од учењето според скратените наставни програми за 159 дена.

Учениците од I- III одд одделение на крај од учебната година се оценети описно, а од IV-IXодд. се оценети бројчано. Во координација помеѓу наставниците беше испланирано писменото оценување (во еден ден да нема повеќе од едно писмено оценување, а во седмицата не повеќе од две). По сите наставни предмети од I–IX одделение (освен музичко образование во VI  и VIII одделение и проекти од музичка уметност во VIII) се реализирани сите планирани содржини по предвидениот број часови и е извршено соодветно вреднување на знаењата на учениците. Резултатите од вреднувањето на знаењата на учениците се прикажани во табеларни прегледи, по што е изготвена анализа, како посебен документ.

Се применуваше и формативно и сумативно оценување, во согласност со различните наставни методи и инструменти за оценување кои се соодветни за настава од далечина, односно расположливите онлајн алатки за оценување на учениците. По потреба беше користен и хибридниот (комбиниран) начин на оценување, со поддршка и следење на постигањата на учениците со повремени консултативни/менторски средби со ученикот во училница. Организирањето на повремените средби/часови со физичко присуство во училница се користеше за надополнување на празнини во учењето (наставниците можеа да видат како ученикот доаѓа до решение), за поттикнување на дополнително/длабинско учење (за ученици кои покажуваат поголеми достигнувања и побрзо од останатите).  На овие средби се вреднуваа и практични вештини кои тешко можат да се демонстрираат во виртуелна училница. При реализацијата на овие часови се водеше сметка за почитување на *Протоколите за постапување на основните/средните училишта во РМ за реализација на ВОП со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година* (Сл.весник на РСМ 212/20)

Со цел подобрување на оценувањето наставниците се фокусираа на избирање, изработување и соодветно користење на различни инструменти и едукативни алатки за оценување, како и формирање валидни сумативни оценки во услови на учење на далечина.

Користени се повеќе дигитални техники за формативно и сумативно оценување, во зависност од перформансите на користената платформа: објективни тестови со избор од понудени одговори, тестови со краток одговор, есејски прашања, дискусии, изведбени активности, онлајн игри, електронско портфолио.

Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето кој е задолжен за имплементирање и стимулирање на наставниците за примена на стандардите во оценувањето, очекувањата од секој предметен наставник како и нивното планирање на формативното и сумативното оценување им пружаше поддршка во текот на целиот процес.

Следењето на квалитетот на оценување во училиштето се вршеше преку следење на планирањата на наставниците за проверка и оценување на успехот на учениците (тематски планирања), следење и анализа на успехот на учениците преку евиденцијата во одделенските книги за секој класификационен период.

***Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар*** се вршени од директорот, Според Закон за основно образование, а со овластување од Директорот, и од помошник директорот и стручните соработници. Следењето и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Следени се онлајн часови кај сите наставници, според однапред изготвен план, како и кај наставници кои реализираат настава со физичко присуство.

***Грижа за здравјето***

Во училиштето се водеше сметка хигиената да се одржува на високо ниво, согласно протоколите. Пред почетокот е извршена целосна дезинфекција (ХЕС-Куманово). Училниците, ходниците, скалите, тоалетите, сите работни површини редовно се дезинфицирани по завршување на секоја смена, а по потреба и почесто.

Со систематски прегледи се опфатени учениците од I, III, V и VII одделение. Овие прегледи се извршени во Школска амбуланта при Медицинскиот центар - Куманово, по претходно изготвен распоред во кој се внимаваше да не се попречува наставата и да се запазат сите мерки и протоколи за работа во услови на пандемија. Поради тоа помалите ученици беа придружувани од родителите.

Вакцинирање е извршено според календарот за имунизација и вакцинација. Опфатени се сите ученици од 6 до 15 години со следниве вакцини:

6 години (I одделение) - морбили, рубеола, дифтерија, тетанус заразни заушки и инактивнаполио вакцина;

7 години (II одделение) - детска парализа, дифтерија, тетанус;

12 години (VI одделение) - инфекции со Хуман папилома вирус (ХПВ) (само за девојчиња);

14 години (завршна година во основното образование) - детска парализа, дифтерија и тетанус.

На почетокот од учебната година сите ученици се запознаени со *Протоколот* и адаптираните кодекси за однесување во услови на пандемија.

Изготвени се едукативни флаери за КОВИД – 19, однесување за време на настава од далечина и препознавање на АДХД симптоми кај учениците кои се онлајн споделени со учениците и родителите

Наставниот кадар беше вакциниран против КОВИД-19 (на основа на доброволно пријавување)

Со согласност од МОН и БРО, за ученичките од шесто одделение беше организирано онлајн едукативно предавање од Alwys едукативната програма на тема *Се што сакаш да знаеш за пубертетот*, по што беа доставени пакетчиња со хигиенски производи и едукативен материјал. Оваа активност е насочена кон подигање на свеста кај младите за потребата од создавање на добри навики и развивање на здрав животен стил.

***Училишна клима***

Училиштето континуирано води грижа за дисциплината од почетокот до крајот на работното време. Во услови на пандемија, извршено е определување и назначување на дежурни наставници, редари, контролори и лице за контакт со надлежни институции за сите смени, како за централното, така и за подрачните училишта. Овие лица имаа обврска да го контролираат спроведувањето на *План*, *Протокол* и *Алгоритам* (контрола на мерење температура, спроведување на дезинфекција на раце и обувки, редовно вршење дезинфекција и одржување хигиена, одржување на редот и физичка дистанца помеѓу учениците, користење на спортската сала, назначените влезови и сл.).

Учениците и наставниците водеа континуирана грижа за естетско и функционално уредување на просторот во училиштето. Кај учениците е всадена навика за чување и одржување на изложените изработки. Училниците, ходниците и холот се уредувани согласно темите од наставната програма, реализирани активности од проектите во кои е вклучено училиштето, празниците и годишните времиња.

Во училиштето постојат кодекси за однесување на наставниците, учениците и родителите. Поради настанатата ситуација со пандемија истите претрпеа измени и се усогласени со протоколите и планот од МОН. Изготвени и усогласени се:

- Куќен ред за настава со физичко присуство на учениците
- Кодекс за наставници
- Кодекс за ученици со физичко присуство на наставата
- Кодекс за ученици кои следат настава од далечина
- Кодекс за родители
- Протокол за организација на одмори помеѓу часовите за ученици од I – III одделение со физичко присуство на наставата
- Протокол за организација на одмори помеѓу часовите за ученици за ученици од IV – IX одделение со физичко присуство на наставата
- Протокол за организација на одмори помеѓу часовите за ученици за ученици со ПОП од I – IX одделение со физичко присуство на наставата

***Активности за поттикнување демократска клима во училиштето***

Училиштето се вклучи во промоција на граѓански вредности и практикување на демократско однесување со спроведување на **Отворен ден за граѓанско образование**. Во рамки на оваа активност беа реализирани работилници на тема *Човекови права* за учениците од деветто одделение и *Стереотипи и предрасуди* за учениците од осмо одделение.

Во рамки на подрачјето ***Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*** редовно се пружаше поддршка на професионалниот развој и подобрување на компетенциите на наставниците преку советодавно–консултативни разговори и состаноци, навремено обезбедување на потребната документација за полагање на стручен испит на наставниците-почетници, ажурирани се професионалните досиеја на сите наставници и стручни соработници (според новиот Правилник).

За ефективен професионален развој наставниците и стручните соработници изготвија личен план за професионален развој врз основа на самопроценка на сопствените компетенции, потреби, интереси и професионални интереси. Истиот е усогласен со планирањето на колегите од стручниот актив, со потребите на училиштето и државата и реалните можности за остварување на желбите и плановите. По завршување на наставната година, во месец јуни сите наставници направија извештај за реализација на ЛППР кој беше разгледан на стручните активи, кои дадоа повратна информација, по што се ставени на увид кај директорот. (според новиот Правилник)

Потребите и приоритетите за стручно усовршување се детектирани врз основа на личните планови за професионален развој на наставниците/стручните соработници, резултатите од самопроценката и извршената *Самоевалуација на училиштето*, како и изготвените предлог-програми за професионален развој на ниво на стручни активи. Како

приоритетна област за оваа учебна година се покажа зајакнувањето на дигиталните компетенции на наставниците, особено за изведување на настава на далечина. Фокусот е ставен на оспособување за примена на современи едукативни алатки. Наставниците искажаа потреба и од зајакнување на компетенциите за примена на различни алатки, инструменти и методи на оценување при изведување на настава на далечина.

Во *Училишната програма за професионален развој* се предвидени интерни обуки, семинари за измени од наставните планови и програми од страна на БРО, дисеминација на обуки на ниво на училиште. Во рамки на групно стручно усовршување наставниците ги посетија следните обуки:

- Обука за користење на *ZOOM* – сите наставници
- Обука за користење на *EDMODO* – сите наставници
- Обука за користење на *GOOGLE CLASSROOM* – сите наставници
- Обука за користење на *Mentimeter* – дел од наставници, сите реализирани како интерни обуки од страна на наставници кои веќе ги совладале овие алатки за учење и реализирање на настава од далечина
- Онлајн *Обука за училишни обучувачи* (5 наставници) за *Национална платформа за учење на далечина* (НПУД)
- Интерна обука за *Национална платформа за учење на далечина* (НПУД) – сите наставници
- Онлајн обука за училишни обучувачи *Управување на онлајн настава во MS Teams*
- Интерна онлајн обука *Управување на онлајн настава во MS Teams* – сите наставници
- Онлајн работна средба со советник од БРО – *Упатства за реализација на наставата во учебна 2020/21 година* (сите наставници)
- Двочасовен семинар за наставници по ФЗО „*Онлајн настава по предметот ФЗО/ССА*“ организиран од Здружение на Спортски Педагози Куманово (3 наставници)
- Вебинар *„Биодиверзитетот и геодиверзитетот во заштитените подрачја“* чија цел е наставниците по биологија и географија од основните училишта да се запознаат со системот на заштитените подрачја во РСМ, организиран од Македонско еколошко друштво, Македонско географско друштво и Македонско биолошко друштво (2 наставници)
- Дводневен семинар за стручна служба на тема „*Препознавање, превенирање и справување со насилното и агресивното однесување и екстремизам меѓу учениците во основните и средните училишта на територија на оптина Куманово*“
- Обука за наставници од 1 и 4 одд за учебна 2021/22 г. за Нова концепција

Во рамки на индивидуално стручно усовршување голем дел од наставниците ги посетија онлајн курсевите:

- *Лидери на онлајн наставата (59)*
- *Реализација на наставата со користење на различни ИКТ средства за учење (55)*
- Повеќе вебинари, споделени туторијали за реализација на онлајн настава, како и за други подрачја
- 28 наставници се вклучија во снимање видео лекции за Едуино.

Наставниците/стручните соработници можат да напредуваат во звања. Категоријата наставник/стручен соработник се добива со полагање на стручен испит за наставник/стручен соработник. Наставникот/стручниот соработник може да напредува во звање наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник. Професионалните стандарди за звањата наставник/стручен соработник - ментор и наставник/стручен соработник - советник и начинот на стекнување ги пропишува министерот

на предлог на БРО и ЦССО. Оваа учебна година (во јануари) од страна на МОН по првпат беше распишан јавен повик за напредување во звање, на кој аплицираа тројца наставници од нашето училиште, со поддршка од менаџерскиот тим и тимот за професионален развој. Според условите објавени во повикот, наставникот по македонски јазик, Весна Тодоровска е изберена за наставник-ментор.

***Соработка на Училиштето со родителите/старателите***

Сите тежишни приоритети се разгледуваат на состаноци на Совет на родители и истите даваат идејни решенија за имплементација на истите. Родителите се вклучени во сите сегменти на работење на училиштето и тоа при: детектирање на состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите.

***Комуникација со јавноста и промоција на Училиштето***

*Тимот за комуникација со јавноста и промоција на училиштето* и оваа учебна година работеше на промовирање на активностите и достигнувањата, за да се запознае локалната средина со постоечките состојби и проблеми во училиштето

Следени се сите објавени конкурси и натпревари на локално, државно и на меѓународно ниво, на кои нашите ученици со своите лични творби земаа активно учество. Особено внимание се посвети на меѓународните конкурси за ликовни и литературни творби со што се продолжува трендот за афирмација на нашето училиште во меѓународни рамки. Поголемо внимание се посвети на конкурсите распишани на интернет страниците.

За сите новини, активности и достигнувања редовно се известуваше преку Web страна на Училиштето која стана особено популарна со создавањето на Fun page на Училиштето и која постојано се обработува и надоградува со информации за активности спроведени во Училиштето или надвор од него. Продолжи соработката со државната телевизија МТВ, новинска агенција МИА, локалната телевизиска станица „ТВ Плус“, локалното радио „Браво“ и интернет порталот „Kumanovo News”. Како форми и методи за информирање се користени интервјуа, репортажи.

Училиштето повторно се стекна со *СЕРТИФИКАТ ЗА КВАЛИТЕТ IASS 2020-2022* издаден од Агенција за истражување, анализа, стандардизација и сертификација, со кој се потврдува и докажува квалитетот на работењето на Училиштето при аплицирање во проекти и други активности.

Исто така се здоби со *СЕРТИФИКАТ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ* и *СЕРТИФИКАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА*

Наши ученици и наставници учествуваа на повеќе манифестации, работилници, настани и хуманитарни акции:

- Ликовни конкурси и манифестации
  - републички ликовен конкурс на тема *Борба против насилство и дискриминација меѓу младите во спортот*
  - ликовен конкурс *Безбедност и здравје во образованието*
  - училишен ликовен конкурс за избор на лого за Еразмус + проекти
  - меѓународен ликовен конкурс по повод *Светски ден на храна*
  - ликовен конкурс *Зимска приказна*
  - *Есенски ликовен и фото конкурс*
  - наградна креативна работилница *Зимска магија*

- Литературни конкурси и манифестации
  - одбележување на 81 година од издавање на стихозбирката „Бели мугри“ и 112 години од раѓањето на нашиот патрон, Коста Солев Рацин преку ликовно и литературно творење
  - литературен конкурс *53-ти Детски Рацинови средби*
  - учество преку онлајн снимка на поетската манифестација *Пролет на сребрените соништа* на тема *Пролетните сребрени соништа сонуваат во есен*
  - литературен конкурс по повод *Светски ден на штедење*
  - ликовен и литературен конкурс по повод 1 – ви Ноември *Ден на осигурување*
- По повод Месец на книгата
  - ликовен и литературен конкурс на тема *Преку книгите во светот на фантазијата* во организација на Градска библиотека
  - присуство на завршна манифестација по повод Месецот на книгата и свечено доделување на награди
- по повод 8 март доставена презентација на градска библиотека за највпечатливите женски ликови низ историјата.
- Училишната сообраќајна единица – УСЕ беше на терен со МВР пред училиштето, а се вклучи и во акцијата за делење флаери и симболични подароци на учесниците во сообраќајот по повод кампањата *Безбедно и одговорно на секое патување*
  Едукацијата за УСЕ-Училишни сообраќајни единици со новите членови од 7 одд. кои се приклучуваат на нашата сообраќајна единица. Обуката се одвиваше во авто школа „Галеб” на која преку едукативно предавање учениците се запознаа со правилата и прописите за безбедно движење во сообраќајот
- Спроведено тестирање на Училишните сообраќајни единици за генерација 2020/2021. По спроведувањето на тестирањето во 10 училишта следува Финален натпревар помеѓу најдобрите првопласирани ученици од УСЕ од училиштата. Учениците Горазд Тимчевски, Ања Стојановска и Мила Спасевска како членови од УСЕ од 8 одд. се меѓу најдобрите од нашето училиште.

- *Други манифестации*
  - учество на ученици и наставници на *Европскиот ден на спортот во училиштата* преку следење на online физички активности
  - учество на традиционална велосипедска трка *Трофеј 11 Октомври* Куманово
  - учество на ученици од деветто одделение во проект *Европска недела на кодирање*
  - спроведена анкета во две паралелки од деветто одд., од страна на МОН и ХЕРА на Microsoft Teams, за потребите на пилот програмата за Сеопфатно сексуално образование
  - учество на наставници во анкета од БРО и МОН за реформи во основно образование
  - Одбележан Денот на шегата со ученици од 1 до 3 одд со физичко присуство и ученици на онлајн настава
  - Павел Милановски сниман за изготвување на презентација по повод Ден на Европа меѓу 12 младите таленти од нашиот град кои освоиле награди на национално и меѓународно ниво.
  - Присуство на Промоција на Зборник на Блаже Конески „*Навраќање кон Конески*“ Весна Тодоровска и Ивана Ѓорѓиевска
  - Марија Ѓошевска од 9-5 под менторство на Елена Арсовска меѓу 45 автори во поетската збирка „*Лирски искри 2021*“
  - Со почитување на сите мерки на заштита во време на пандемија пригодно беше одбележан првиот училишен ден за учениците од прво одделение, а за одбележување на Детска недела се реализирани пригодни активности: цртање во

дворот на Училиштето, паркинг просторот и помошното игралиште; изработување на ѕидни весници; разговор за *Конвенција за правата на детето*

- Одржан час по кошарка за третоодделенки како дел од проект за афирмирање на кошарка за девојчиња „Нејзин свет, нејзини правила“- Федерација на кошарка на РСМ, донирани топки за кошарка
- Со пригодна свеченост и почитување на мерките за справување со Ковид-19, беше одбележан Денот на училиштето и 76 години од постоење. По тој повод со делегација од Општина Куманово положено е цвеќе на бистата на Кочо Рацин, промовирани ученици со највисоки постигања – Леон Марковски, Марко Димитриевски, Марија Митевска и Павел Милановски и проследена презентацијата “*Во чест на Рацин*”.
- Прва самостојна изложба на Павел Милановски организирана од *ЕУ Инфо точка*, општина Куманово
- Посета на Павел Милановски во категорија средношколци на изложбата организирана од Europe House Skopje и средба со заменик амбасадорот Џулијано Васало

***Пријатели/соработници на училиштето помогнаа со свои донации и тоа:***

- *Марк фарм* донираше средства за дезинфекција и заштитни маски
- Детска фондација *Песталоци* преку *Црвен крст – Куманово* донираше 120 заштитни маски и пластифицирани едукативни постери
- *Црвен крст Куманово* донираше сталак за дезинфекција, бесконтактен топломер и средство за дезинфекција
- Здружение *Ротариакт* донираше стотина новогодишни пакетчиња за ученици од 1-3 одд. од ПУ с. Добрашане и за ученици од социјално загрозени семејства од централно училиште и ПУ с.Биљановце
- Сопствениците на маркети *Елида* донираа новогодишни пакетчиња за учениците од ПУ с. Градиште и ваучер од 6000 денари на едно социјално загрозено семејство
- *Авто мото* 2016 донираше новогодишни пакетчиња за ученици од социјално загрозени семејства од подрачните училишта во Орашац, Кучкарево и Габреш
- Претседателот на Совет на родители донираше УВ лампа за стерилизација и дезинфекција на простор
- Училиштето донираше пакетчиња, парични средства, храна, гардероба и обувки за две социјално загрозени семејства
- Општина Куманово донираше седум таблети
- Добиен лап топ од Општина за потребите на учениците
- Со цел зголемување на безбедноста на учениците поставена е електронска рампа на влезот/паркингот на Училиштето, донирана од локална приватна фирма, во рамките на стратешката цел – подобрување на инфраструктура од Планот за развој на Училиштето 2018-2022 г.
- ХЗГ „Садакаја" донира аудио-визуелни средства во ПУс. Добрашане:
  мини систем, скенер, нагледи средства за математика, македонски јазик, природни науки, општество, како и душек, топки и други реквизити за ФЗО
- Од страна на наставниот кадар е донирана машина за перење и фрижидер за семјество на ученик и компјутер за потребите на училишната библиотека
- Донација на авторски велигденски боенки од страна на Магда Величковска (поранешен вработен) за сите првачиња, финасиски помогната од *Фондација за култура и спорт Куманово*

***Следење на педагошка евиденција и документација***

Во нашето училиште редовно се следеше педагошката евиденција и документација на наставниците – во одделенска книга и е-дневник (навремено внесување на наставниот план, распоред на часовите, податоци за учениците, водење точен преглед на изостаноци на учениците; јасна и точна евиденција на оценките за успехот и поведението на учениците; редовно евидентирање на часовите; здравствена заштита на учениците, соработка со родители; евиденција за реализирани часови и содржини итн.). За сите недостатоци наставниците се известени во индивидуални разговори и на групни состаноци и направена е соодветна корекција.

***Работа на стручни органи***

Работата на стручните органи се остварува според донесените програми, утврдени потреби и изготвен и усвоен дневен ред за работа. Во текот на оваа учебна година се одржани 4 состаноци на Совет на одделенски наставници и 5 на Совет на предметни наставници, како и 19 состаноци на Наставнички совет.

На состаноците на **Совет на одделенски и предметни наставници** беа избрани одговорен наставник и записничар за претстојната учебна година. На овие состаноци се дискутираше за реализација на НПП согласно скратените програми за оваа учебна година. Беше разгледувана и успешноста за реализирање на настава од далечина. Особено се даде акцент за оценетоста и редовноста на учениците. Беа констатирани изречени педагошки мерки на крајот од класификационите периоди, а беа разгледувани и одредени прашања од воспитно – образовната работа во училиштето (работа во две групи, преминување на ученици од настава со физичко присуство на настава од далечина, ученици кои немаат услови за следење на онлајн настава, доставување на материјали и др.)

На состаноците на **Наставнички совет** покрај утврдување на успех, редовност и поведение на учениците на крајот од класификационите периоди, беа разгледувани и други значајни прашања поврзани со спроведување на воспитно – образовниот процес:

- формирање на тимови за реализирање на предвидени активности поврзани со работењето на училиштето
- планирање на воспитно – образовна дејност, распределба на часови, распоред на часови, определување на одделенски раководители, работење во смени, реорганизација на училиштето за работа во услови на пандемија, назначување на координатори на одделенија и одговорни наставници на стручни активи
- редовно информирање и запознавање на наставниот кадар со сите новитети, правилници, протоколи, упатства, концепции и процедури изготвени од МОН и БРО и нивно имплементирање во ВОП
- донесување одлуки по барања доставени од родители
- одлучување за побрзо напредување на ученици
- разгледување анализи, извештаи и друг материјал поврзан со работата на училиштето
- дискусии за унапредување на наставата и стручно усовршување на наставниците и стручните соработници
- редовно информирање на наставниците за сите превземени дејствија во училиштето
- јавно пофалување на наставниците и учениците за постигнатите резултати во ВОР
- континуирано давање насоки за пополнување на педагошка евиденција и документација, согласно сите измени усвоени од МОН и БРО
- назначување наставници – ментори на наставници – приправници
- донесување и усвојување одлуки за начин на работење, организирање и планирање на воспитно – образовната работа

Наставниците кои предаваат ист предмет или подрачје се членови на **стручни активи.** Во одделенска настава функционираат 6 активи (по еден на ниво на секое одделение и еден на ниво на одделенска настава). Во предметна настава се поделени по подрачја: македонски

јазик; англиски јазик; германски, италијански, руски јазик; природни науки, биологија, географија, хемија, иновации; ФЗО; музичко образование, ликовно образование; историја, етика, граѓанско образование, запознавање на религиите.

Стручните активи на училиштето работеа на усогласување на критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, особено со појавата на пандемијата и реализација на онлајн настава; разгледуваа насоки, упатства, уредби за реализација на наставата во услови на пандемија со Ковид-19; даваа предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, расправаа за забелешките на родителите односно старателите, учениците, разменуваа стручни искуства со цел стручно усовршување и вршеа други стручни работи определени со годишната програма за работа на училиштето.

Годишната програма за работа на ООУ„Кочо Рацин" Куманово во учебната 2020/21 година сметаме дека е успешно реализирана, со оглед на околностите.

- сите активности и постигнати резултати редовно се промовирани на училишната веб страна и локалните, регионалните и државни медиуми
- особено се работеше на реализација на проектите Erasmus + (GOAL! и ESCEI) – доврщување и започнување со активности на новите 3 проекти
- секој наставник, на полугодие и на крај на учебната година изготви извештај за сопствената работа – релизација на редовната, дополнителната и додатната настава, слободните ученички активности, со користење на новите обрасци, според Правилникот
- во текот на учебната година следени се и постигањата на децата со ПОП инклузирани во редовната настава според изготвен ИОП
- од страна на директорот и стручните соработници редовно се посетувани наставните часови, според однапред изготвен распоред, во склад со процедурата
- беше релизирана и Законската обврска за Советување на родителите чии деца нередовно посетуваа настава и не постигнуваа задоволителен успех во учењето

**Изработиле**:
Кети Б. Доцевска – психолог
Владица Наковска – психолог
Сашка Стаменковска – педагог
Ивана Ѓорѓиевска – пом.директор

**Директор**
______________________
/Лидија Пешевска/